# СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ

## Клевета и навреда според македонското законодавство

Судија Љубица Колиќ

Со донесување на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета во 2012 година  навредата и клеветата во РСМ се декриминализирани.

- Во основните начела на македонскиот закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета се гарантира слободата на изразувањето, а секое ограничување може да се оправда само врз основна на ставот 2 од членот 10 на Европската конвенција за човекови права.
- Во законот има децидна одредба во која е определено во кои случаи  се дава предност на примената на Европската конвенција за човекови права и слободи и на праксата на Европскиот суд во Стразбур пред македонското законодавство ( чл. 3).

• Во чл. 5 ст1 од законот е определено кој се смета за носител на јавна функција

• Во чл. 5 ст.2 од законот е дадена широка дефиниција за јавен интерес, која ги опфаќа речиси сите сфери од општественото живеење.

• Како прашања од јавен интерес се сметаат особено: сите облици, институции и активности на вршење на државната власт и јавните институции, локалната самоуправа, општествените дејности како здравството, културата, уметностите, образованието, науката, спортот, медиумите, правниот систем и примената на правото и економскиот систем и економските односи и животната средина.

Во ст.3 се дефинирани професионалните правила на новинарската професија .

**Како се дефинира навредата во членот 6 од Законот:**

•За навреда одговара тој што со намера да омаловажи, со изјава, однесување, објавување или на друг начин ќе изрази понижувачко мислење, со кое се навредува неговата чест и углед.

•Според оваа дефиниција, за навреда се смета само онаа навредувачка изјава во која има намера за омаловажување.

•Одговорност постои ако со навредувачкото дејство се омаловажува угледот на правно лице, група лица или умрено лице.

•Регулирани се случаите на одговорност за навреда преку средства за јавно информирање и кои лица можат да сносат одговорност врз принципот на претпоставена одговорност, како и случаите во кои новинарот како автор на изјавата нема да сноси одговорност ( чл. 6 ст. 3,4,5,и 6)

•Во членот 7 од Законот се дефинираат основите за исклучување на одговорност за навреда .

**Како се дефинира клеветата во членот 8 од Законот:**

•За клевета одговара тој што за друго лице со утврден или очевиден идентитет, со намера да наштети на неговата чест и углед, пред трето лице изнесува или пронесува невистинити факти што се штетни за неговата чест и углед, а знае или бил должен и може да знае дека се невистинити.

•За одговорност за клевета треба кумулативно да бидат исполнети наведените услови во ст.1

•Одговорност постои ако невистинитото тврдење содржи факти штетни за угледот на правно лице, група лица или умрено лице.

•Регулирани се случаите на одговорност за клевета преку средства за јавно информирање и кои лица можат да сносат одговорност врз принципот на претпоставена одговорност, како и случаите во кои новинарот како автор на изјавата нема да сноси одговорност ( чл. 8 ст. 3,4,5,и 6)

**Докажување на вистинитоста :**

Според чл. 9 ст.1 и ст.2 Тужениот е должен да ја докажува вистинитоста на фактите содржани во тврдењето. Тужениот кој ќе ја докаже вистинитоста на своето тврдење или ќе докаже дека имал основана причина да поверува во неговата вистинитост нема да одговара за клевета.

Во чл. 9 ст.3,4 и 5,се определени и исклучоците во кои товарот на докажување преминува на страна на тужителот, во кои случаи не е дозволено докажување на вистинитоста на факти и во кои случаи одговорноста е исклучена ако клеветата се состои во јавно префрлање на друг дека сторил кривично дело или дека е осуден за такво дело.

**Исклучување на одговорност за клевета**

Во чл. 10 е предвидено дека одговорноста е исклучена и за

- тврдење на факти штетни за честа и угледот на друг што е дадено во научно, книжевно или уметничко дело, во сериозна критика, во вршење на службена должност, новинарска професија, политичка или друга општествена дејност, во одбрана на слободата на јавно изразување на мислата или на други права или при заштита на јавен интерес или други оправдани интереси, ако:
- се изнесува или пронесува тврдење што е содржано во соопштение, одлука или друг документ на државен орган, установа или правно лице, или е изнесено на јавен собир, во судска постапка, или друга јавна манифестација на активноста на државни органи, установи, здруженија или правни лица или се пронесува тврдење што е јавно соопштено од друг;
- на лицето кое го изнесува или пронесува таквото тврдење му е оневозможено остварувањето на правото на пристап до информации од јавен карактер спротивно на прописите за слободен пристап до информации, на кое се повикува во својата одбрана;

**Исклучување на одговорност за клевета**

- ако невистинитите факти, содржани во тврдењето, имаат споредно значење во однос на вистинитите факти на кои се однесува тврдењето и битно не ја менуваат неговата целовита смисла на вистинито тврдење или

- ако во средство за јавно информирање се изнесуваат факти кои се однесуваат на прашања од јавен интерес со повикување на сериозни извори на сознанија за нивната вистинитост, спрема кои тужениот постапувал со потребната мера на должно внимание во согласност со професионалните стандарди на новинарската професија.

**Одговорност на електронска публикација**

• Во чл. 11 ст.1 е предвидено дека уредникот на електронската публикација презема одговорност, заедно со авторот, за надоместување на штетата која произлегува од овозможување на пристап до навредливи или клеветнички информации.

Уредникот на електронската публикација не одговара за изнесена навреда или клевета доколку докаже дека:

• авторот на информацијата објавена на електронската публикација не дејствувал под директна или индиректна контрола или влијание од страна на уредникот на електронската публикација и

• не бил свесен ниту требал да биде свесен дека навредлив или клеветнички материјал е објавен на електронската публикација или во рок од 24 часа откако станал свесен за навредливиот и клеветнички карактер на објавениот текст или информација, ги презел сите технички и други мерки за отстранување на таквата информација. Барање за отстранување на информација може да поднесе и оштетеното лице.

**Законот исто така предвидува**

•Заштита на изворот на информацијата  во чл. 12
•Ублажување на штетата  во член 13
•Право на реагирање, демант, одговор и исправка во чл.14
• Надоместување на штетата  од чл. 15 до 18
• Постапка за утврдување на одговорност и надоместување на штетата од чл.19 до 21 и
• Привремени судски мерки во чл. 24

**Начин на кој домашните судови во своите одлуки ги применуваат стандардите и принципите на ЕСЧП   кога одлучуваат  по тужбени барања за клевета и навреда!**

Домашниот суд се повикува на одредби од :

- од Уставот на РСМ
- од Меѓународни документи
- од Европската конвенција за заштита на човековите права кои го регулираат правото на слобода на изразување
- од Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда.
- го применува трослојниот тест и се повикува на релевантни пресуди на ЕСЧП кои можат да се применат во конкретен случај со цитирање на определени ставови изразени во тие пресуди.

## Примери

- Судот се раководеше од долго воспоставената пракса на ЕСЧП за разграничување помеѓу фактите и вредносните судови, според која „мора да биде направено внимателно разграничување помеѓу факти и вредносни оцени. Постоењето на фактите може да биде демонстрирано, додека, пак, вистинитоста на вредносните оцени не е подложна на докажување“ (**Thorgeirson vs. Iceland – Апликација бр.5995/06)**
- Со цел да се процени оправдувањето на оспорена изјава, потребно е да се направи разлика меѓу фактите и вредносните судови. Иако може да се докаже постоењето на факти, вистинитоста на вредносните судови не може да се докаже. Барањето да се докаже вистинитоста на вредносниот суд е невозможно да се исполни и самото ја повредува слободата на мислење, која е основен дел на правото загарантирано со член 10. Класификацијата на дадена изјава како факт или како вредносен суд е прашање кое најпрво спаѓа во рамки на маргината на дискреција на националните органи, особено на националните судови.

- Судот се согласува со  наводите на тужениот дека тужителот е носител на јавна функција и дека треба да има повисок праг на толеранција во поглед на критиките од страна на граѓаните кога станува збор за прашања од јавен интерес , односно на кој начин се трошат парите на граѓаните и дека коментарите се предизвикани од отворена дебата од јавен интерес на социјалните мрежи на оваа тема.
- Неспорно е дека, додека лицето што учествува во јавна расправа по прашање од општ интерес – како тужениот во овој случај – не треба да надмине одредени граници - особено во поглед на почитувањето на угледот и правата на другите, тој или таа има право на одреден степен на претерување, па дури и провокација или, со други зборови, да дава претерани изјави (да се види случајот  **(Mamere v. France).** Исто така е неспорно дека границите на прифатливо критизирање се пошироки кога се работи за политичар или носител на јавна функција , отколку кога станува збор за приватно лице.

- Во рамки и на дебата од јавен интерес оправдано е да се направат обиди да се осигура дека се запазува минимално ниво на воздржаност и пристојност, особено затоа што угледот на јавната личност  мора да ја искористи заштитата која му е доделена со Конвенцијата.
- Судот,смета дека изјавите кои во претежен дел од својата содржина се упатени кон омаловажување и директен атак на личноста на тужителот  го надминуваат она што може да се толерира во расправа од јавен интерес и се надвор од рамки на прифатлива критика .,(, **Сурек против Турција (Surek v.Turkey**) Во оваа смисла судот цени дека и тужителот како јавна личност има право на заштита на својата чест и углед согласно закон и согласно Европската конвенција за човекови права, па легитимната цел за интервенција во слободата на изразување во овој случај е угледот и правата на тужителот.

- Судот се согласува со правното мислење на ЕСЧП во пресудата **Lingens vsAustria т.41 ( апликација бр.9815/82)** дека „ слободата на изразување како што е заштитена во ст.1 од чл.10 преставува еден од суштинските предмети на демократското општество и еден од основните услови за неговиот развој и самото исполнување на секој поединец. Под услов на ст.2 од чл.10 применлив е не само за информации или идеи кои се поволно примени или се сметаат за навредливи или како индиферентни туки и на тие што навредуваат, шокираат и вознемируваат,. Такви се барањата на плурализмот и толеранцијата и либерализмот без кои нема демократско општество“.

- Судот се согласува со мислењето на ЕСЧП изразено во **пресудата Lingens vsAustria** дека„ честата употреба на навреди и клевети во политичките разговори во кои начелно се покажува повисок степен на толеранција кај политичарите укажува дека критицизам искажан во политичка контроверзија не влијае на угледот на личноста, освен ако тие не влијаеле на неговиот приватен живот“

- Судот се согласува со изнесеното мислење на ЕСЧП во случајот **Dolaban vs Romania**( жалба бр.28114/95 од 28.09.1999 година) каде што судот го изразува своето мислење дека „новинарската слобода опфаќа и можно приклонување кон одреден степен на преувеличување , дури и провоцирање.

- Судот се согласува и го прифаќа мислењето на ЕСЧП изнесено во предметот **Feldec vs Slovakia (жалба бр.29032/95 пресуда од 12.07.2001 година)** , каде е наведено дека „границите на прифатлива критика се поголеми за политичарите отколку за физичките лица. За разлика од вторите, првите неизбежно и вешто се изложуваат на критичко испитување на нивните зборови и дела од страна на новинарите и пошироката јавност и како резултат на тоа тие мора да покажат повисок степен на толеранција“.

Овој суд согласно чл.2 ст.2, од Законот за судовите, според кој судиите во примена на правото ги заштитуваат човековите слободи и права, раководејќи се од препораките на ЕСЧП за претпазливоста на државите потписнички на Конвенцијата, при интервенцијата во слободата на изразување на тужениот го примени трослојниот тест:

- Дали интервенцијата (како „формалност“, „услов‘, „ограничување’ или „казна) е пропишано со закон;
- Дали интервецијата има легитимна цел, заштита на еден или повеќе од следните интереси или вредности (националната безбедност, територијалниот интегритет, јавната безбедност, спречувањето безредија или криминал, заштитата на здравјето, моралот, угледот или правата на другите, спречување обелоденување информации добиени во доверба и одржувањето на авторитетот и непристрасноста на судството);
- Дали интервенцијата е нужно неопходна во едно демократско општество.

- Повикувањето на тужителот на околноста дека во време на дадената изјава на тужениот  во предизборна кампања тужителот сеуште не бил јавна личност и дека нема обврска согласно чл. 9 ст.3 од ЗГОНГ да даде објаснување за конкретните факти, по оценка на овој суд е неосновано**.**Тужителот како кандидат за носител на една значајна јавна функција -Градоначалник на главен град и по оценка на овој суд подлежи и не може да биде исклучен од обврската од чл.9 ст.3 од ЗГОНК. Во оваа насока се и ставовите изразени во пресудите на ЕСЧП - **Lingens vsAustria** каде е заземен став дека јавен функционер, односно сојузен канцелар во Австрија, кој поднел тужба за клевета против апликантот, треба да има повисок праг на толеранција за критики и прашања упатени кон него и дека треба да очекува да биде под лупа на јавноста и нивните прашања. Овој став на судот исто така произлегува и од  пресудата **KWIECIEŃ v. POLAND** каде судот истото гледиште го применува и во поглед на кандидат за јавна функција, односно кандидат на локални избори. Истите ставови се изразени  од страна на ЕСЧП и во пресудата во случајот **ÓLAFSSON v. ICELAND.**

.

- Оттука, неспорно е дека јавните функционери, како и кандидатите за јавна функција мора да имаат поголема толеранција на критиките на јавноста. Според тоа ЕСЧП ги изедначува функционерите со кандидатите за јавна функација,  одговорноста која истите ја носат имајќи ја предвид тежината на нивната улога кога истите се кандидираат или обавуваат јавна функција која од моментот на кандидирањето, како и во текот на извршувањето на функциите е на лупа на граѓаните, односно на пошироката јавност. Во таа смисла граѓаните кои гласаат имаат право да добијат одговор на сите прашања поврзани со кандидатот затоа што  се заинтересирани за личностите кои се кандидираат, за нивната репутација, претходното однесување или работење, нивната програма за подобрување на општествените состојби и врз основа на тоа го даваат својот глас по сопствено лично убедување, што упатува на заклучок дека кандидатот за јавна функција треба да има поширока толеранција и транспарентност во однос на поставените прашања од јавен интерес.

- При тоа судот во целост се согласува со ставовите на ЕСЧП изразени во пресудата **Pedersen and Baadsgaard v.Danska** дека заштитата на правото на новинарите да разменуваат информации за прашања од општ интерес бара тие да се однесуваат со добра волја и на точна фактичка основа и да се обезбедат сигурни и прецизни информации во согласност со етиката на новинарството. Според условите од ст.2 од чл. 10 од Конвенцијата слободата на изразување носи со себе обврски и одговорности кои исто така се аплицираат на медиумите дури и во однос на прашања од сериозен јавен интерес.Според тоа судот мора да испита дали новинарот се однесувал со добра волја и постапил во склад со вообичаената новинарска обврска да ги потврди фактичките наводи. Оваа обврска налага дека новинарот пред да објави сериозни обвинувања како во во овој случај за сторено кривично дело треба да се потпре на доволно точни и веродостојни фактички основи кои може да се сметаат пропорционални со степенот на нивното тврдење, имајќи во предвид дека колку повеќе се сериозни тврдењата, толку повеќе солидна треба да биде фактичката основа

- По однос на тоа дали интервенцијата е нужно неопходна во едно демократско општество судот го имаше во предвид следното: Имено, по оценка на овој суд одговорноста на тужениот е утврдена од сите погореелеборирани причини, а ако се има во предвид и тоа дека објавите преку социјалните мрежи според начинот на кој истите стануваат брзо достапни до поширок круг на корисници  и се упатени директно кон личноста на тужителот со погореописшаните квалификации, секако претставуваат напад на угледот и личноста и се подобни да нанесат штета на неговиот углед. Според тоа овој суд смета дека треба да се даде заштита на тужителот, поаѓајќи од одредбите на националното законодавство и Европската конвенција и дека ограничувањето на слободата на изразување на тужениот изразена на погореопишаниот начин е нужно неопходно во едно демократско општество заради заштита на угледот и правата на другите.

Благодариме на вниманието!

